**Известување за концентрација со која Јунајтед Медиа С.а р.л., Луксембург, и Мотор Оил (Хелас) Коринт Рефајнерис С.А., Атика, Грција, стекнува заедничка контрола над друштвото Невине Холдингс Лимитед, Никозија, Кипар и Јунајтед Медиа С.а р.л., Луксембург ќе стекне контрола над Мартикорио Лимитед, Кипар**
**(предмет бр. 08-159/2024)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/24), на ден 12.12.2024 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која Јунајтед Медиа С.а р.л., со регистрирано седиште на адреса Руе Жан Моне 6, Л-2180, Луксембург и Мотор Оил (Хелас) Коринт Рефајнерис С.А., со регистрирано седиште на адреса Иродоу Аттикоу 12а, 151 24 Мароусси, Атика, Грција, стекнува заедничка контрола над друштвото Невине Холдингс Лимитед, со седиште на адреса 66 Акрополеос, Акрополис Тауер, Строволос 2012, Никозија, Кипар, како и на стекнувањето на самостојна контрола од страна на друштвото Јунајтед Медиа С.а р.л., со регистрирано седиште на адреса Руе Жан Моне 6, Л-2180 Луксембург, над друштвото Мартикорио Лимитед (Martikorio Limited), со седиште на адреса 66 Акрополеос, Акрополис Тауер, Строволос 2012, Никозија, Кипар.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**Јунајтед Медиа С.а р.л.,** е во крајна сопственост на фондови советувани од БЦ Партнерс (BC Partners), меѓународен инвестициски фонд со седиште во Лондон. БЦ фондовите се исклучиво финансиски инвеститори, т.е. не се вклучени во секојдневното управување на компаниите во кои инвестираат, со кои управуваат сопствени одбори на директори.

БЦ Партнерс има регистрирано присуство во Република Северна Македонија преку следните индиректно зависни друштва:

- ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје, со регистрирано седиште на Булевар Партизански Одреди бр. 17, 1-001/ Скопје - Центар, Северна Македонија, кое се бави со дејности на дистрибуција на медиумски содржини преку DTH технички платформи,
- ДИРЕЦТ МЕДИА ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на Коста Веселинов бр. 5-1 локал 2/ Скопје- Центар, Северна Македонија, кое се бави со маркетинг дејности, односно со откуп и продажба на рекламен простор во печатени и електронски медиуми,
- УГИ ФИБЕР ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на Булевар Партизански Одреди бр. 14, Скопје - Центар, Северна Македонија, кое се занимава со дејности на сателитска телекомуникација.

**Мотор Оил (Хелас) Коринт Рефајнерис С.А.,** е друштво основано во согласност со законите на Република Грција, кое котира на берзата во Атина. Мотор Оил (Хелас) е активно во секторот за преработка на нафта. Исто така, преку своите зависни друштва, активно е во продажба на нафтени деривати како што се малопродажба и продажба на големо на горива, проектни обновливи извори на енергија (ОИЕ), управување со отпад, биогорива, итн. Мотор Оил (Хелас) е извозник на нафтени деривати скоро пет децении, при што најголемиот дел од производството се продава на купувачи во странство.

Мотор Оил (Хелас) Коринт Рефајнерис С.А., ги има следните зависни друштва во Северна Македонија:

- КОРАЛ-ФУЕЛС ДООЕЛ Скопје, со седиште на адреса Димитрија Чуповски бр. 4/2-3, 1000

Скопје, Република Северна Македонија, чија приоритетна дејност е трговија со нафтени деривати. КОРАЛ-ФУЕЛС ДООЕЛ Скопје има лиценца за користење на брендот SHELL во Северна Македонија. Друштвото управува со две бензински станици под брендот SHELL во Северна Македонија.

- МОТОР ОИЛ РИЊУАБЛС ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје, со седиште на адреса Георги Димитров бр.16-1/3 Скопје – Кисела Вода, Северна Македонија. Приоритетната дејност на друштвото е трговија со електрична енергија.
-

Целните друштва Мартикорио Лимитед и Невине Холдингс Лимитед се холдинг друштва.

Главно зависно друштво на Целните друштва е – Алфа СателитеТВ С.А. (Alpha Satellite TV S.A.), друштво основано во согласност со законите на Република Грција, со седиште на адреса Вилтаниоти 36, Кифиссиа, Аттика, Грција.

Ова друштво е активно во Грција во обезбедување на бесплатно дигитално емитување на телевизиска програма наменета за општо информирање на грчкото говорно подрачје. Ова друштво управува со телевизискиот канал под назив „А" (АЛФА).

Исто така, програмите на Алфа Сателите ТВ се достапни преку веб-страницата www.alphatv.gr, како и преку хибридната телевизија HbbTV. Покрај тоа, ТВ каналот АЛФА се емитува на кабловските мрежи на грчките телекомуникациски оператори Нова (Nova) и Космоте (Cosmote), врз основа на договор за лиценца за реемитување. Конечно, дел од телевизиските програми на АЛФА ТВ се емитуваат во Кипар.

Ниту едно од Целните друштва, вклучувајќи го и Алфа Сателите ТВ, не е присутно и нема остварено приходи во Северна Македонија.

Според подносителите на известувањето релевантниот пазар на стоки за предметната концентрација би можеl да се дефинира како ***пазар за производство и емитување на телевизиски програми***.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј" бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

03.02.2025 година
Скопје